Архивски знак: ______________
Рок на чување: ______________
______________ год.
Потпис,
______________

Агенција за Интелектуална сопственост
АРТПИЦК ДООЕЛ
Бр. 05-0278
22.02 2022 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак. ______________
Рок на чување. ______________
______________ 20 ___ год.
Потпис, ______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 05-6/4
18.02.2022 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

**Република Северна Македонија**
**ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE**

OTA

**Republic of North Macedonia**
**OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY**

# ДОГОВОР
## за набавка на услуги од авторска агенција

**Склучен на _________2022 година, помеѓу:**

1. **Оперативно-техничката агенција Скопје, со седиште на ул. „Орце Николов“ број 48, 1000 Скопје, ЕДБ: МК 4080018576757, ЕМБС: 7309279, претставувана од директорот Зоран Ангеловски (во понатамошниот текст: Договорен орган), и**
2. **Агенција за интелектуална сопствност АРТПИЦК ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица: „Јосиф Јосифовски-Свештарот“ број 39/28, 1000 Скопје, ЕДБ: 4080009500314, ЕМБС: 6449646, претставуван о од управителот Сузана Настоска (во понатамошниот текст: Носител на набавката).**

**Член 1**

Предмет на овој договор е вршење на услуги од авторска агенција за потребите на Оперативно-техничката агенција, согласно прифатената понуда доставена преку ЕСЈН на 18.12.2021 година во 21:21 часот и одржаната аукција на 31.12.2021 година во период од 10:00 до 11:00 часот по спроведена постапка за набавка од мала вредност број 21640/2021 и одлуката за избор на најповолна понуда со број 05-6/2 од 12.01.2022 година.

Составен дел на овој Договор е тендерската документација со број 0507-119/2 од 15.12.2021 година објавена на ЕСЈН на 15.12.2021 година.

**Член 2**

Услугата од членот 1 опфаќа:

- изработка на авторски договори;
- вршење на правна квалификација на авторските дела;
- изработка на договори за дело;
- издавање на фактури за исплата на авторски хонорари;
- исплата на авторски хонорари по барање на договорниот орган, а во согласност со даноците и другите прописи од областа на даноците и од областа на авторското право, со што целосно одговара за нивната примена;
- изработка на договори за дело кои не спаѓаат во авторски дела;
- доставување фактури за наплата на надоместоци по основ на склучен договор и исплата на надоместоците на жиро сметка;
- други услуги од доменот на работењето на авторската агенција;
- исплата на авторски хонорари и на други надоместоци согласно законите од областа на даноците, законите од областа на авторското право и другите прописи на Република Северна Македонија и други услуги од авторска агенција.

Носителот на набавката е согласен да ги извршува услугите според потребите на Договорниот орган.

Договорниот орган го задржува правото да ја утврдува потребата и динамиката од извршување на услугите во текот на 1 (една) година од денот на склучување на договорот.

Договорниот орга го задржува правото да не ги набавува сите наведени услуги.

**Член 3**

Договорните страни се согласни цената на услугата да изнесува 0,20% (проценти) провизија од износот на бруто надоместокот согласно авторскиот договор.

Договорните страни се согласни дека вкупната вредност на Договорот нема да го надмине вкупниот износ од 200.000,00 денари без ДДВ, ДДВ во износ од 36.000,00 или вкупно со ДДВ износ од 236.000,00 согласно одлуката за потреба од јавна набавка со број 0507-119/1 од 16.02.2021 година.

Двете договорни страни се согласни дека износот утврден во ставот 2 од овој член не е обврзувачки и истиот не мора да биде исполнет во целост.

**Член 4**

Носителот на набавката треба да ја достави фактурата на адреса: Оперативно-техничка агенција Скопје, улица: „Орце Николов" број 48, 1000 Скопје.

**Член 5**

Договорниот орган ќе го врши плаќањето по добивањето на фактура за извршена услуга во Писарницата на Оперативно-техничка агенција и извештај од авторот за извршената услуга.

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува да одговори во рок од 24 часа по претходно писмено барање (доставено по пошта или по електронска пошта) од страна на Нарачувачот за обезбедување на услугите утврдени во член 2 од овој Договор.

Носителот на набавката се обврзува подготвениот авторски договор да го даде на увид и на одобрување на службите на Договорниот орган пред да биде потпишан од трите страни.

Носителот на набавката се обврзува дека услугата ќе ја врши квалитетно во согласност со важечките норми и стандарди за овој вид на услуги и во рок вообичаено потребен за извршување на услугите.

**Член 7**

Овој договор може да се раскине со согласност на договорните страни.

**Член 8**

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

**Член 9**

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот кој бил даден од договорниот орган, договорниот орган може да го раскине договорот.

**Член 10**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување анекс на договорот.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 12**

Договорот стапува на сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни и ќе важи за период од 12 (дванаесет) месеци.

**Член 13**

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 14**

За сѐ што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

**Член 15**

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

**Член 16**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

**Договорен орган:**
**Оперативно-техничка агенција Скопје**
**директор**
**Зоран Ангеловски**

**Носител на набавка:**
**АРТПИЦК ДООЕЛ Скопје**
**управител**
**Сузана Настоска**